ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ

**од финансиски контроли на јавни здравствени установи**
**за периодот 01.01.-31.12.2012 година**

Скопје, мај 2013 година

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**I. Вовед**

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

**II. Цел на финансиската контрола**

Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето, наменското трошење на средствата на ЈЗУ и начинот на фактурирање на здравствените услуги.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

**III. Одделение за буџетска и финансиска контрола**

Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата ја спроведуваат 17 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

| Организациона единица | Број на контролори |
|---|---|

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | |
|---|---|
| Централна служба | 5 |
| Скопје | 2 |
| Тетово | 1 |
| Гостивар | 1 |
| Струга | 1 |
| Охрид | 1 |
| Битола | 1 |
| Прилеп | 1 |
| Велес | 1 |
| Струмица | 1 |
| Кочани | 1 |
| Куманово | 1 |
| **Вкупно контролори** | **17** |

Регионалната распореденост на финансиските контролори во земјата е прикажана во следниот графикон:




**IV. Видови финансиска контроли**

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контроли со посебна намена

Во 2012 година, согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 493 финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 302 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли изнесува 792.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

| Р. Бр. | Вид на контрола | Број на извршени контроли |
|---|---|---|
| **1** | **Контроли согласно Годишен план за финансиски контроли** | **493** |
| *1.2* | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | *49* |
| *1.3* | *Квартални контроли на фактури од ЈЗУ* | *444* |
| **2** | **Наменски контроли** | **302** |
| *2.1* | *Контрола на дијализни центри* | *21* |
| *2.2* | *Контрола на здравствени домови* | *9* |
| *2.3* | *Контрола на ПЗУ од специјалистичко консултативна дејност* | *156* |
| *2.4* | *Контрола на ПЗУ Лаборатории ЛУ-1* | *105* |
| *2.5* | *Финансиска контрола на бањите со кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија има склучено договор за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита* | *4* |
| *2.6* | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | *1* |
| *2.7* | *Контрола на фактурирани здравствени услуги од специјалистичко консултативна дејност во ЈЗУ УК за Токсикологија и Институт за судска медицина* | *2* |
| *2.8* | *Контрола на документите за плаќање од Здравствен Дом Скопје доставени до Фондот за здравствено осигурување за болничко лекување* | *1* |
| *2.9* | *Контрола на Јавни набавки во ЈЗУ* | *1* |
| *2.10* | *Контрола на процесот на фактурирање во ЈЗУ Институт за Трансфузиона медицина* | *1* |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | |
|---|---|---|
| *2.11* | *Контрола на побарувањата од ЈЗУ Институтот за Трансфузиона медицина на РМ од ПЗУ Мала Богородица и ПЗУ Систина* | *1* |
| | **Вкупен број на финансиски контроли во 2012** | **795** |

## V. Реализација по видови на контроли

### 1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за целконтрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ во последните две години од работењето. Таа подразбира контрола на:

- усогласеноста на планските документи со законската регулатива (Годишен финансиски план, Годишен план по вид и обем на здравствени услуги и Годишен план за јавни набавки)
- усогласеност на планските документи со буџетот на ЈЗУ
- процентот на додатоци на плата и бројот на вработениот персонал со полно работно време и персоналот вработен по други основи
- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- раководење со благајна
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- договори склучени со други ЈЗУ за сервисни услуги
- контрола на начинот на фактурирање и искажување на услугите во документите за плаќање до Фондот

Согласно Годишниот план за финансиски контроли, во текот на првото полугодие на 2012 година се реализирани 49 (четириесет и девет) целосни финансиски контроли со што е целосно исполнет планот.

Согласно годишниот план за целосни контроли, започнувајќи од јануари 2012 година, секој месец се вршеше контрола на 4 ЈЗУ, освен во месец јуни кога беа извршени контроли на 5 ЈЗУ. Контролите беа извршени од страна на тимови составени од двајца финансиски контролори.

Во рамките на извршените 49 контроли, контролирани се:

| Вид на ЈЗУ | Број на ЈЗУ |
|---|---|
| Универзитетски клиники | 18 |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | |
|---|---|
| Клинички, општи и специјални болници | 19 |
| Институти | 6 |
| Здравствени домови | 3 |
| Здравствени станици | 1 |
| Заводи | 2 |
| **Вкупно:** | **49** |

Најзначајните констатации од контролите се презентирани во следнава табела:

**Табела 1:** Преглед на надоместокот од Фондот согласно договорите за пружање и плаќање на здравствени услуги, состојбата на обврски и долгови, почитување на законските обврски за изготвување и усвојување на планските документи за контролираните ЈЗУ во текот на 2012 година

| **Р.б.** | **ЈЗУ** | **Надоместок за здравствен и услуги во 2011** | **Надоместок за здравствени услуги во 2012** | **%**<br>**Процент на зголемување /намалување на надоместок** | **Сстојба на долгови на 31.12.2011** | **Состојба на долгови на 31.12.2012** | **%**<br>**Процент на зголемувње /намалување на долговите** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Општа болница - Струга** | 133.369.550 | 140.334.209 | 5,22% | 31.043.911 | 30.444.557 | - 1,98 % |
| **2** | **Клиничка болница- Тетово** | 426.456.070 | 434.253.964 | 1,38 % | 12.943.018 | 4.343.414 | -66,44 % |
| **3** | **Општа болница - Кочани** | 122.422.637 | 124.040.623 | 1,32 % | 9.404.500 | 12.431.070 | 32,18 % |
| **4** | **УК за трауматологија, ортопетски болести,анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар – Скопје** | 298.124.638 | 296.332.632 | -0,60 % | 115.421.779 | 200.522.674 | 73,73% |
| **5** | **Институт за медицина на трудот на Р.М. - Скопје** | 25.025.692 | 19.679.566 | -21,36 % | 0 | 9.412.965 | 100 % |
| **6** | **УК по хируршки болести ,,Свети Наум Охритски,, -Скопје** | 220.730.102 | 221.455.976 | 0,33 % | 1.169.062 | 24.816.006 | 2.022,73% |
| **7** | **Општа болница -** | 203.230.165 | 211.328.982 | 3,99 % | 93.474.599 | 106.845.307 | 14,30% |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Р.б. | ЈЗУ | Надоместок за здравствен и услуги во 2011 | Надоместок за здравствени услуги во 2012 | % Процент на зголемување /намалување на надоместок | Сстојба на долгови на 31.12.2011 | Состојба на долгови на 31.12.2012 | % Процент на зголемувње /намалување на долговите |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Гостивар | | | | | | |
| 8 | Завод за рехабилитација за слух,говор и глас - Скопје | 29.513.000 | 29.513.000 | 0 % | 0 | 0 | 0% |
| 9 | Клиничка болница - Штип | 301.094.676 | 307.744.127 | 2,21% | 48.988.868 | 51.407.966 | 4,94% |
| 10 | Специјална болница по гинекологија и акушерство Чаир - Скопје | 106.591.346 | 104.932.600 | - 1,56 % | 16.418.884 | 29.055.423 | 76,96% |
| 11 | Психијатриска болница – Демир Хисар | 134.490.000 | 127.022.720 | - 5,55 % | 2.363.789 | 22.995 | - 99,03% |
| 12 | УК за торакална и васкуларна хирургија -Скопје | 89.514.687 | 95.965.479 | 7,21 % | 44.994.559 | 49.637.152 | 10,32% |
| 13 | Општа болница - Дебар | 51.803.252 | 51.669.337 | - 0,23 % | 12.900.073 | 25.778.846 | 99,83 % |
| 14 | УК за неврохирургија - Скопје | 110.669.165 | 106.870.790 | - 3,43 % | 4.902.830 | 6.044.723 | 23,29 % |
| 15 | Општа болница - Велес | 206.567.270 | 204.525.620 | - 0,99 % | 37.467.492 | 43.429.923 | 15,91 % |
| 16 | УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје | 124.086.182 | 87.902.242 | - 29,19 % | 39.734.441 | 8.619.802 | -78,30 % |
| 17 | Институт за белодробни заболувања и туберколоза - Скопје | 43.008.838 | 43.515.199 | 1,18 % | 10.113.321 | 10.153.097 | 0,39 % |
| 18 | Општа болница - Струмица | 239.786.505 | 244.053.062 | 1,78 % | 4.150.267 | 1.466.605 | -64,66 % |
| 19 | УК за Урологија - Скопје | 75.924.957 | 85.915.339 | 13,16 % | 25.313.902 | 22.247.265 | -12,11 % |
| 20 | Институт за трансфузиологија - | 220.265.000 | 303.382.368 | 37.74 % | 93.887.004 | 105.057.276 | 11,9 % |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Р.б. | ЈЗУ | Надоместок за здравствен и услуги во 2011 | Надоместок за здравствени услуги во 2012 | % Процент на зголемување /намалување на надоместок | Сстојба на долгови на 31.12.2011 | Состојба на долгови на 31.12.2012 | % Процент на зголемувње /намалување на долговите |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | | | | | | |
| 21 | УК Стоматолошки Клинички центар - Скопје | 120.000.000 | 119.000.000 | - 0,83 % | 28.189.334 | 30.092.781 | 6,75 % |
| 22 | Здравствен Дом - Тетово | 95.413.823 | 97.400.000 | 2,08 % | 14.716.298 | 10.001.172 | - 32,04 % |
| 23 | УК за Пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 56.053.487 | 57.067.171 | 1,81 % | 19.753.152 | 27.490.006 | 39,17 % |
| 24 | Завод за нефрологија – Струга | 199.412.300 | 200.848.920 | 0,72 % | 9.221.161 | 16.113.326 | 74,74 % |
| 25 | УК за Дерматологија - Скопје | 34.463.053 | 34.000.000 | - 1,34 % | 20.488.852 | 25.037.270 | 22,19 % |
| 26 | Институт за белодробни заболувања кај децата Козле -Скопје | 89.066.383 | 87.759.249 | -1,47 % | 4.275.393 | 13.570.347 | 217.41 % |
| 27 | УК за Ревматологија –Скопје | 65.986.023 | 71.989.265 | 9,09 % | 20.763.959 | 37.985.801 | 82,94 % |
| 28 | Општа болница - Гевгелија | 100.651.004 | 101.433.975 | 0,89 % | 4.692.354 | 2.925.669 | - 37,65 % |
| 29 | Општа болница - Кавадарци | 135.103.063 | 129.941.225 | -3,82 % | 1.435.463 | 4.611.209 | 221,23 % |
| 30 | Ук за Детски болести - Скопје | 304.632.087 | 296.623.961 | - 2,63 % | 0 | 37.042.239 | 100 % |
| 31 | УК за Инфективни и фебрилни состојби – Скопје | 140.000.000 | 147.929.084 | 5.66 % | 44.432.813 | 42.548.312 | -4,24 % |
| 32 | Општа болница - Кичево | 77.302.236 | 79.534.007 | 2,89 % | 759.629 | 2.904.744 | 282,38 % |
| 33 | Здравствен дом - | 68.660.293 | 74.948.439 | 9,16 % | 21.361.453 | 14.796.226 | - 30,73 % |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Р.б. | ЈЗУ | Надоместок за здравствен и услуги во 2011 | Надоместок за здравствени услуги во 2012 | % Процент на зголемување /намалување на надоместок | Сстојба на долгови на 31.12.2011 | Состојба на долгови на 31.12.2012 | % Процент на зголемувње /намалување на долговите |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Крива Паланка | | | | | | |
| 34 | УК за Хематологија - Скопје | 358.686.944 | 351.652.279 | -1,96 % | 0 | 0 | 0 |
| 35 | УК за Пулмологија и алергологија-Скопје | 58.275.295 | 59.591.688 | 2,26 % | 15.049.904 | 18.570.299 | 23,39 % |
| 36 | ГОБ 8- ми Септември - Скопје | 475.991.122 | 479.201.396 | 0,67 % | 0 | 136.415.205 | 100% |
| 37 | Клиничка болница - Битола | 554.552.264 | 545.477.715 | - 1,64 % | 62.690.979 | 87.255.373 | 39,18 % |
| 38 | Општа болница - Куманово | 300.586.260 | 297.582.786 | - 1,00 % | 80.618.942 | 105.453.717 | 30,81 % |
| 39 | Здравствена станица Св.Кирил и Методија - Скопје | 9.000.000 | 5.583.590 | - 37,96 % | 0 | 1.485.190 | 100 % |
| 40 | УК за Онкологија и радиологија - Скопје | 655.321.225 | 642.709.687 | -1,92 % | 56.890.370 | 136.629.545 | 140,16 % |
| 41 | УК за очни болести - Скопје | 50.918.915 | 51.509.933 | 1,94 % | 22.983.669 | 45.299.866 | 97,09 % |
| 42 | Општа болница - Прилеп | 294.524.083 | 293.594.041 | - 0,32 % | 81.011.064 | 124.602.380 | 53,81 % |
| 43 | Институт за јавно задравје на РМ | 14.500.000 | 16.500.000 | 13,79 % | 39.178.519 | 60.005.468 | 5,16 % |
| 44 | УК за Детска хирургија - Скопје | 63.175.431 | 65.000.000 | 2,89 % | 42.825.886 | 46.459.002 | 8,48 % |
| 45 | Психијатриска болница - Скопје | 201.631.645 | 185.963.658 | - 7,77 % | 1.264.431 | 40.034.264 | 3066,19 % |
| 46 | УК за Психијатрија - Скопје | 43.392.811 | 42.735.974 | - 1,51 % | 3.049.441 | 4.508.827 | 47,86 % |
| 47 | Медицински факултет Институт - Скопје | 148.316.000 | 158.631.525 | 6,96 % | 6.668.862 | 9.581.010 | 43,67 % |
| 48 | Општа болница - Охрид | 213.320.782 | 208.990.852 | -2,03 % | 52.547.279 | 54.102.135 | 2,96 % |
| 49 | Здравствен дом - Скопје | 563.906.951 | 578.497.226 | 2,59 % | 628.291 | 0 | 100 % |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

При контрола на ЈЗУ во 2012 година, констатирано е дека сите ЈЗУ ги почитуваат договорните и законските обврски во поглед одредбата финансискиот план за 2011 година да е изработен или усвоен на УО, но кај две од контролираните ЈЗУ е забележано дека финансискиот план за 2011 години не е усогласен со промените во буџетот. Исто така во сите ЈЗУ планот за јавни набавки за 2011 година е изработен или усвоен на УО, но кај 8 ЈЗУ истиот не е е усогласен со промените во буџетот.

Кај 43 ЈЗУ од вкупно 49 ЈЗУ е утврдено дека на крајот на 2011 година имаат долгови.

Во сите контролирани ЈЗУ кои имаат фактуриран износ по основ на програми од Министерството за здравство, на крајот на 2011 година констатирани се ненаплатени побарувања од Министерството за здравство кои во голем дел придонесуваат за зголемување на нивните долгови.

Одредени ЈЗУ не вршат фактурирање на средствата по програми до Министерство за Здравство во целост, заради ненаплатените побарувања што ги имаат во претходниот период.

ЈЗУ е неопходно да ги планира приходите од буџетот врз основа на планираните расходи за здравствени услуги опфатени со програмите и за истите редовно да доставуваат фактури до Министерство за Здравство.

Од контролите во 2012 година кај 3 ЈЗУ е констатирано дека не е донесена Одлука за касов максимум.

Во 29 од контролираните 49 ЈЗУ е констатирано надминување на дозволените лимити на учеството на додатоците на плата во однос со основната плата во периодот 2010-2011 година, додека во 1 (една) ЈЗУ контролата констатира дека не постапува согласно предлозите и заклучоците од 166 седница на владата на Р.М. одржана на 10.06.2010 година со која се препорачува јавните претпријатија да не доделуваат К-15 и награди во текот на 2010 и 2011 година. Исто така кај 1 (една) ЈЗУ констатирано е дека и по јули 2010 година продолжила со исплата на дневници во земјата преку трансакциона сметка на вработените во износ од 800 денари.

При контролата се констатира дека сите 49 ЈЗУ имаат воведено електронски системи за евидентирање на работното време.

Кај 19 од 49 контролирани ЈЗУ нема изготвено процедура за прием, тек и издавање на лекови и медицински материјал.

При извршувањето на целосните контроли во поглед на почитувањето на препораките содржани во третиот пакет антикризни мерки на Владата на РМ и заклучоците од 03-та седница на Влада на РМ одржана на 21.04.2009 година во извештаите од финансиска контрола е нотирано дека кај 19 од 49 ЈЗУ, не се почитува лимитот на износот на надоместоци за членови на управен одбор за присуство на седница на УО, а во 16 од вкупниот број на контролирани ЈЗУ се исплаќа паушал и во месеците кога не се одржуваат седници.
Во 19 од контролираните ЈЗУ степенот на наплата на партиципација во однос на

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

пресметаната партиципација во 2011 година се движи над 90%, во 10 над 80%, во 5 над 70%, во 11 над 60%, а кај останатите 4 ЈЗУ степенот на наплата на партиципација е под 50%.

При увид во пресметките, контролирани по случаен избор во наплатните центри во ЈЗУ, е констатирано дека партиципацијата се пресметува и наплатува согласно Одлуката за утврдување на учеството на осигурениците во вкупните трошоци на здравствените услуги.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

1. во 17 од 49 контролирани ЈЗУ за 2011 година, не се применува одредбата за задолжително користење на е-аукции за 70% од бројот на објавени огласи за отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и при повторно прибирање понуди од економски оператори кои се страна на рамковна спогодба.
2. во 7 ЈЗУ Одлуката за Јавна набавка не е во согласност со планот за Јавни набавки,
3. во 5 ЈЗУ констатирани се фактурирани цени кои се различни од цените наведени во спецификацијата и склучениот Договор,
4. во 11 ЈЗУ кај спроведени постапки за јавни набавки нема Изјави за постоење/непостоење на судир на интереси,
5. кај 10 ЈЗУ се констатира непочитување на членот 11 од Законот за јавни набавки и надминување на дозволениот месечен износ од 500 евра за набавка,
6. кај 6 ЈЗУ се утврдени последователни набавки на стоки и услуги секој месец кои може да имаат постапки за јавни набавки.

## 3. Контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги од здравствените установи

Предмет на контрола се фактурите и пропратната документација за извршени здравствени услуги од примарна, специјалистичко – консултативната и болничка здравствена заштита (за оние здравствени услуги кои не се опфатени со ДСГ системот).

Контролата на фактурите и пропратната документација има за цел да се утврди дали начинот на фактурирање на извршените здравствени услуги и содржината на фактурите се во согласност со законските и подзаконските акти како и со правилниците и ценовниците на Фондот со кои е регулиран начинот на фактурирање. Истата подразбира контрола на формата и содржината на фактурата, рекапитуларот, спецификацијата, пресметките и сите пропратни документи како што се упат и син картон. Во доменот на контролата се

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

фактурираните здравствени услуги од специјалистичко - консултативната здравствена заштита и дневна болница.

Начинот на контрола на фактурите е дефиниран така што од секоја здравствена установа се контролираат фактурите од последните три месеци вклучително и последната фактура која е доставена од здравствената установа. Контролорите ја вршат контролата преку избор на пресметки по пациент по случаен избор. Во текот на процесот на следење на фактури на ЈЗУ кои пружаат здравствени услуги од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита се контролираат **најмалку 15% од доставените пресметки** со тоа што треба да бидат опфатени пресметки од сите дејности од една ЈЗУ. Исклучок од ова правило се документите за плаќање од ЈЗУ кои доставиле месечна фактура во чиј прилог бројот на пресметки е поголем од 5.000 кај кои е потребно да се контролираат најмалку 300 пресметки од тековниот месец за таа установа. Исто така исклучок се и фактурите на ЈЗУ во чиј прилог има вкупен број на пресметки кој е помал од 300 пресметки каде е потребно да бидат контролирани сите доставени пресметки во тековниот месец за дадената установа.

Контролата на фактурите согласно Годишниот план за финансиска контрола започна да се имплементира од 01.01.2012 година и до крајот на 2012 година беа извршени 444 контроли над фактурите од 111 ЈЗУ.

Заклучно со 31.12.2012 година контролирани се 599.203 пресметки. Од вкупниот број на контролирани пресметки констатирани се неправилности во начинот на фактурирање во 101.360 пресметки.

Најзначајни неправилности кои се констатирани во процесот на фактурирање кај контролираните установи се:

1. Фактурирање на непостоечки пакети и услуги од специјалистичко - консултативна здравствена заштита за искажување на пружени здравствени услуги;
2. Искажување на цени на услуги и пакети кои се различни од референтните;
3. Фактурирање на два пакети кои согласно Упатството за фактурирање на пакети за завршени епизоди на лекување во специјалистичко – консултативна здравствена заштита, не смеат да се комбинираат во една пресметка;
4. Фактурирање на лекови кои не се на позитивната листа на лекови на ФЗОМ;
5. Фактурирање на лекови со повисока цена од референтната;
6. Погрешно фактурирана партиципација која не соодветствува со Одлуката за одредување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствени услуги;
7. Фактурирање на партиципација до Фондот која согласно програмите на Министерството за Здравство треба да биде побарувана од министерството;
8. Некомплетна пропратна документација (упат, син картон итн.);

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

9. Фактурирање на специјалистички пакети за незавршени епизоди на лекување односно фактурирање со пресметки во кои е избран пакет со контролен преглед а истиот не е евидентиран како извршен;
10. Приложени пресметки за извршени здравствени услуги во кои недостасуваат потребните податоци (пр. пресметки без потпис на осигуреното лице, без потпис и факсимил на лекар, без број на лекарски дневник итн.);
11. Неправилна примена на пакетите за Дневна болница.

Анализата на добиените податоци доставени од контролорите е презентирана во следниот графички приказ:




Табеларно, констатациите и резултатите од контролите се презентирани во засебен дел од извештајот даден во прилог на овој извештај. Од прикажаните податоци во прилог на извештајот, можат да се издвојат следниве сумирани податоци за процент на неисправни пресметки по квартали по видови на ЈЗУ:

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Р. бр | Видови здравствени установи | број на контролирани и неисправни пресметки во IV квартал од 2011 година | | | број на контролирани и неисправни пресметки во I квартал од 2012 година | | | број на контролирани и неисправни пресметки во II квартал од 2012 година | | | број на контролирани и неисправни пресметки во III квартал од 2012 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вк. контр. во IV кв. | вк. неис-правни во IV кв. | % на неис-правн и во IVкв. | вк. контр. во I кв. | вк. неис-правн и во I кв. | % на неис-правн и во I кв. | вк. контр. во II кв. | вк. неис-правн и во II кв. | % на неис-правн и во II кв. | вк. контр. во III кв. | вк. неис-правн и во III кв. | % на неис-правни во III кв. |
| I. | Универзитетски клиники: | 32.655 | 17.546 | 53 % | 34.888 | 13.465 | 38,6 % | 38.989 | 7.204 | 18,5 % | 27.752 | 4.540 | 16,38 % |
| II. | ЈЗУ Општи болници: | 45.415 | 6.583 | 14,5 % | 46.285 | 4.817 | 10,4 % | 51.110 | 1.841 | 3,6 % | 54.762 | 5.432 | 9.92 % |
| III. | ЈЗУ Специјални болници: | 15.723 | 5.386 | 34,3 % | 15.400 | 5.037 | 32,7 % | 18.512 | 6.041 | 32,6 % | 14.826 | 1.183 | 7,98 % |
| IV | ЈЗУ Здравствени домови: | 30.961 | 1.458 | 4,7 % | 35.065 | 2.846 | 8,1 % | 37.236 | 2.138 | 5,7% | 31.592 | 1.473 | 4,66 % |
| V. | ЈЗУ Центри за јавно здравје и институти: | 18.197 | 8.812 | 48,4 % | 13.047 | 2.308 | 17,7 % | 21.041 | 1.932 | 9,2 % | 15.747 | 1.318 | 8,37% |
| | Вкупно за сите ЈЗУ | 142.951 | 39785 | 27,8 % | 144.685 | 28.473 | 19.7 % | 166.888 | 19.156 | 11,5 % | 144.679 | 13.946 | 9,64 % |

Од анализата може да се извлече генерален заклучок дека фактурите на ЈЗУ забележуваат тренд на континуирано намалување на број на грешки и неправилности. Збирно тие се намалиле од 27,8% во четвртиот квартал од 2011 година на 9,64% во третиот квартал од 2012 година што е значајно намалување.

На следниот графикон е прикажан трендот на намалување на грешки во процесот на фактурирање:



Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

На ниво на видови на здравствени установи најзначајно намалување на грешките се забележува кај центрите за јавно здравје, универзитетските клиники и специјалните болници. Кај здравствените домови, процентот на грешки се зголемува во I квартал од 2012 година во однос на IV квартал од 2011 година, но веќе во II и III квартал од 2012 година кај истиот се забележува тренд на намалување.

Нивото на грешки кај општите болници во IV квартал од 2011, I и II квартал од 2012 година забележува намалување, но во III квартал од 2012 година повторно е евидентирано негово зголемување од 6,3 %.

Просечниот процент на грешки по видови од анализираниот период на јавни здравствени установи е прикажан во следниот графикон:




Од вкупно 111 контролирани ЈЗУ, кај 57 здравствени установи е забележано подобрување, кај 30 ЈЗУ процентот на грешки останал непроменет, а додека кај 24 ЈЗУ процентот на грешки во фактурирањето во текот на контролираниот период се зголемил. Сепак точноста на оваа анализа зависи и од начинот на контрола кој е базиран на пресметки избрани по случаен примерок.

Резултати од контролата во периодот октомври – декември 2011 година и јануари и септември 2012 година:

1. фактурираните износи од контролираните ЈЗУ се намалени / сторнирани за 54 милиони денари;
2. дадени се напатствија за правилен начин за фактурирање до 111 јавни здравствени установи;
3. врз основа на констатациите комисијата за референтни цени на услуги во континуитет добива информации за измени и дополнувања на постоечкиот ценовник на пакети и здравствени услуги;
4. врз основа на увидот и констатациите во записниците од контрола се детектирани недоследности во правните акти и правилниците на Фондот и иницирана е нивна измена и дополнување.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**4. Наменски контроли**

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот или по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

| Установи / ПС | Цел на контролата | Број на контроли |
|---|---|---|
| 21 Дијализни Центри | Соодносот на осигуреници кои подлежат на дијализни третмани со апаратурата и соодветниот медицинскиот персонал | 21 |
| 9 ЈЗУ Здравствени Домови | Број на тимови во здравствените домови | 9 |
| 155 ПЗУ од специјалистичко консултативна дејност | Вкупно фактуриран износ за 2011 г. до висина на надомест, вкупен износ на услуги реализирани над договорен надомест за 2011 г. и дали истите доставиле извештај за услуги над договорениот надоместок | 156 |
| 105 ПЗУ од специјалистичко консултативна дејност - ЛУ 1 Лаборатории | Вкупно фактуриран износ за 2011 г. до висина на надомест, вкупен износ на услуги реализирани над договорен надомест за 2011 г. и дали истите доставиле извештај за услуги над договорениот надоместок и доставување на пропратна документација во прилог на извештајот | 105 |
| 4 ПЗУ Бањи со кои ФЗОМ има склучено договор за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита | Финансиска контрола на бањите со кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија има склучено договор за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита, вкупно фактуриран износ за 2011 година и до септември 2012 година, исплата на договорниот надоместок и контрола на доставените документи за плаќање до ФЗОМ за третиот квартал од 2012 година. | 4 |
| 1 ЈЗУ УК за Биохемија - Скопје | Целосни финансиски контроли на ЈЗУ | 1 |
| 1 ЈЗУ ЗД Крива Паланка | Контрола на документите за плаќање доставените до ФЗОМ за третиот квартал од 2012 година за извршени здравствени услуги од болничка дејност. Во ЈЗУ ЗД Крива Паланка нема воведено фактурирање на извршени | 1 |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | |
|---|---|---|
| | здравствени услуги од болничка дејност по ДСГ метода, заклучно со извршена контрола за трет квартал 2012 година. | |
| 2 ЈЗУ УК за Токсикологија и ЈЗУ Медицински факилтет Институти - Институт за сутска медицина | Контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги од специјалистичко – консултативна дејност | 2 |
| 1 ЈЗУ УК за Нефрологија - Скопје | Контрола на Јавна набавка | 1 |
| 1 ЈЗУ Институт за трансфузиологија на Р.М. | Контрола на процесот на фактурирање на здравствени услуги од специјалистичко – консултативна дејност, начин на примена на пакетите и пресметување на партиципација | 1 |
| 1 ЈЗУ Институт за трансфузиологија на Р.М. | Контрола на побарувањата на ЈЗУ Институт за трансфузиологија на Р.М. од ПЗУ Мала Богородица | 1 |
| **Вкупно наменски контроли** | | **302** |

Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2012 – 31.12.2012 година се презентирани во следната табела:

Наменските контроли беа извршени на следниот начин:

- 41 од наменските контроли беа извршени во просториите на здравствените установи (дијализни центри и здравствени домови) и
- 261 од наменските контроли беа извршени во Подрачните Служби на Фондот (ПЗУ од специјалистичко консултативна дејност и ЛУ 1 Лаборатории).

**VI. Заклучок**

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2012 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Зголемен степен на одговорност кај менаџментот на контролираните ЈЗУ;
- Подобар увид за ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;
- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи праку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи.

- Зголемена е ажурноста на администрацијата во ЈЗУ во поглед на изготвувањето и изменувањето на планските документи и нивната усогласеност со буџетот
- Подобрена е сметководствената евиденција во делот на разграничување на обврските и долговите како и во нејзината усогласеност со трезорските извештаи
- Обезбедени се пооптимални нивоа на залихи од медицински и немедицински материјали во јавните здравствени установи
- Стручните служби на Фондот изготвија **Упатство за здравствените установи за начинот на контрола и складирање на оригиналната документација од пружени здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита**. Со ова Упатство е регулиран начинот на чување и складирање на пресметките во ЈЗУ како и контрола на документацијата од страна на Фондот.
- Извршено е ревидирање на **Постапката за управување со фактури и документи за плаќање во Подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување**. Оваа Постапка е дополнета заради воведување на електронската фактура во Фондот со цел да се регулира приемот и контролата на електронската фактура запишана на електронски медиум.
- Изготвен е терк на записник кој го користат ликвидаторите при контрола на фактурите и останатата пропратна документација при контрола во просториите на јавните здравствени установи, согласно Упатство за здравствените установи за начинот на контрола и складирање на оргиналната документација од пружени здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита.
- На здравствените установи им се укажа за измените во начинот на фактурирање, измени во законската регулатива и во актите на Фондот и сл. Препораките и укажувањата се содржани во извештаите односно записниците од контролите.
- Препораките од контролата на фактурите на ЈЗУ постигнаа ефект на зголемена стручност на персоналот во ЈЗУ за изведување на процесот на фактурирање на здравствени услуги, како и зголемување на стручноста на лицата кои вршат контрола на фактурите на ЈЗУ во Фондот. Контролираните ЈЗУ покренаа низа прашања до Сектор за финансиски прашања и до останатите засегнати сектори и служби во Фондот поврзани со процесот на

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

фактурирање врз основа на извештаите и записниците од финансиските контроли.

- Раководителите на ПС, финансиските раководители и ликвидаторите (статичката контрола) во ПС зедоа активно учество во процесот на имплементација на констатациите од кварталните контроли.
- Контролите на документацијата врз основа на која Фондот врши плаќање на здравствените услуги за своите осигуреници покренаа низа прашања во поглед на актите на Фондот и договорите за ЈЗУ со кои е регулирана проблематиката на фактурирање. Во Фондот беа разгледани проблематични формулации и членови во интерните акти и врз основа на констатациите од контролата на терен беше извршено:
    - Дополни, измени и прочистување на ценовникот за здравствени услуги каде беа ревидирани пакетите и цените на респираторен систем, око и усна шуплина, дигестивен систем, урогенитален систем и останати анализи. Исто така беа донесени и 9 нови пакети од областа на болести на заби и ендодон, референтни цени за дневна болница и болнички ден во болничка здравствена заштита. Воведени се нови цени и услуги од областа нефрологија и фармакологија. Извршени се измени во ценовникот во делот интерна медицина.
    - Беше регулирано и прашањето поврзано со потпишување на медицинската документација за дејноста од биохемија каде има недостаток на стручен кадар (биохемичари). Доколку здравствената установа не располага со комплетен лабораториски тим, услугите од лабораториска дејност треба да бидат верификувани од лекар специјалист од здравствената установа.
    - На одредени ЈЗУ кои имаат кадар за вршење на дејност за која немаат решение им беа дадени препораки за регистрација на нова дејност со цел соодветно да може да ги фактурираат ваквите услуги до Фондот.

- Искуствата од контролите придонесоа за подобрување на работењето на финансиската контрола. Истите резултираа и со измена во Упатството за финансиска контрола.
